ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА
ISHP SPITALI I PERGJITHSHËM
Бр № 04-1810/1
17.12. 2025
СТРУГА STRUGË

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на „Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18, Службен Весник на „Република Северна Македонија" 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.868/2025 со бр.10-1934/11 од 15.12.2025 година и член 31 од Статутот на ЈЗУ Општа болница-Струга, Директорот ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат по Јавен оглас бр.868/25 за вработување на административен службеник

1.За вршител на работите на работното место **Архивар I еден (1) извршител,** шифра на работно место **ЗДР 01 02 Г01 014,** со звање **Архивар I,** во **Одделение за административно-технички и општи работи, Сектор за правни, административно-технички и општи работи,** во Јавна здравствена установа Општа болница-Струга, се избира следниот кандидат:

**-Јово Мартиноски со идентификациски код 754В34А**

2.Именуваните кандидати ќе бидат вработени на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука за што ќе бидат донесени посебни Решенија.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***Образложение***

По барање од ЈЗУ Општа болница-Струга за објавување на јавен оглас бр.03-979/1 од 17.07.2025 година, на ден 26.07.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен Печат, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објавен е Јавен оглас бр.868/2025 за вработување на административни службеници во Јавната здравствена установа Општа болница-Струга.

Со решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на Агенцијата за администрација со архивски број 10-1934/7 од 19.11.2025 година формирана е Комисија за спроведување на постапка за селекција за вработување на административни службеници.

Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција, за што е составен Записник од извршена административна селекција за административен службеник со архивски бр.10-1934/8 од 27.11.2025 година.

На ден 10.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број 10-1934/9 од 10.12.2025 година.

На ден 12.12.2025 година спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за што е составен Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со архивски број 10-1934/10 од 12.12.2025 година.

До Јавна здравствена установа Општа болница-Струга доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови по Јавен оглас број 868/2025 со архивски број 10-1934/11 од 15.12.2025 година.

Од доставениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.868/2025 и Конечната ранг листа, Директорот на Јавната здравствена установа Општа болница-Струга изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: *Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.*

***ЈЗУ Општа болница-Струга***
***Директор***
***д-р Владимир Бунчески***

ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА-СТРУГА
ISHP SPITALI I PËRGJITHSHËM-STRUGË

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Именуваниот/та
-Архива
-Сектор за управување со човечки ресурси